Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 88 став 2, 5 и 7 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10,15/14,15/18, 06/19 и 8/21)

Советот на Општина Велес на 5-та седница одржана на ден _.12.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување член на Училишниот одбор на**
**СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес, претставник на Општина Велес**

1. Со ова Решение за член на Училишниот одбор во СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес, претставник на Општина Велес, се именува:

   - ________________.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение:**

На ден 19.11.2025 година до Советот на Општина Велес, од страна СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес, доставено е барање со арх бр.25-5412/1 за именување на член на Училишниот одбор на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес, претставник на Општина Велес.

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 16.12.2021 година, донесе Решение за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Училишен одбор во СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес со арх.бр.25-4804/10 од 16.12.2021 година.

Согласно член 88 став 2, 5 и 7 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25): став 2 „Училишниот одбор во јавното средно училиште е составен од 12 члена, и тоа: четири претставника од наставниците, три претставника од родителите, односно старателите на учениците, три претставника од основачот и по еден претставник од Министерството и од деловната заедница“ и став 5 „Претставниците на основачот за државните средни училишта ги именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија, а за општинските и училиштата на Градот Скопје, советот на општината, односно Советот на Градот Скопје“ и став 7 „Членовите на одборот освен претставниците од родителите на учениците се именуваат за период од четири години, со право на уште еден избор.“

Од причина што на именуваниот член му е истечен четиригодишниот мандат, а со цел непречено функционирање на Училишниот одбор СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес, во целосен состав, потребно е да се именува нов член.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН
Бр. 03 - 702/1
18. 11 2025 год.
ВЕЛЕС

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 19 -11- 2025
Орг. един: | Број: 25-5412/1 | Прилог: 1 | Вредност:

**До**

**Совет на Општина Велес**
Претседател г-дин Даниел Јаневски

Предмет : Известување за истек на мандат

Почитуван,

Училишниот одбор на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес, Ве известува, дека мандатот на лицето Верица Анѓушева – претставник од основачот, именована од Совет на општина Велес, со четиригодишен мандат сметано од 16.12.2021 година, истекува на назначениот датум, односно 16.12.2025 година.

Заради непречено функционирање на УО согласно Деловникот за работа, должни сме да Ве известиме за горното, очекуваме избор на член во зададениот рок со цел кооптирање на истиот како нов член претставник од Основачот, именуван од Совет на Општина Велес, за непречно функционирање и носење на полноправни одлуки на УО.

Со почит,

Претседател во својство на водач
на УО на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес

Пале Трпкова

Врз основа на член 88, став 5 и 7 од Законот за средното образование („Сл.весник на РМ" бр. 44/95, 24/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004,55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/16, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Сл.весник на РСМ" бр.44/95 ) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.12.2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Училишен одбор во СОУ „Гимназија Кочо Рацин" Велес**

1.Касам Касамовски претставник на Општина Велес, се разрешува од должност член на Училишен одбор во СОУ „Гимназија Кочо Рацин" Велес.

2.За член на Училишен одбор во СОУ „Гимназија Кочо Рацин" Велес, претставник од Општина Велес се именува:

- Верица Анѓушева

3.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-4804/10
16.12.2021 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр.326**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за симнување точка од дневен ред Предлог-решение за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Управниот одбор во Јавната здравствена установа Здравствен дом Велес**

Се објавува Заклучокот за симнување точка од дневен ред Предлог-решение за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Управниот одбор во Јавната здравствена установа Здравствен дом Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.12.2021 година.

Број 08-4827/10
17.12.2021 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), а согласно член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 6/19), и член 161 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/07, 03/09, 18/10 и 1/21)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.12.2021 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за симнување на точка од дневен ред-Предлог-решение за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Управниот одбор во Јавната здравствена установа Здравствен дом Велес**